ЕВАЛУАЦИЈА

**Претставки и предлози за периодот од јануари до декември 2014 година,**

Во Агенцијата за храна и ветеринарство, преку одделението за заштита на потрошувачи анализирани се причините и прашањата /опасностите и ризиците/, на кои се укажува во претставките и предлозите, поднесени од граѓаните во областа на безбедноста на храната и ветеринарството, за периодот од јануари до декември 2014 година. Анализата на определен начин ја покажува перцепцијата на граѓаните за опасностите и ризиците од храната. Бидејќи здравјето на животните и здравјето на луѓето се препознава како едно здравје направената анализа и евалуација ги опфаќа и претставките и предлозите од областа на ветеринарството. Извршената евалуација ги покажува следните податоци:

**Вкупно се поднесени/примени и евидентирани претставки/предлози - 362**
Околу 52% од поднесените претставки се сметаат за основани, односно со потврдени наводи.
Претставките се поднесувани усно, писмено и електронски.
Од вкупната бројка на претставки, 95 претставки се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните. Останатите 267 претставки се однесуваат на храната од животинско и храната од не животинско потекло.

## 1.1 Табела на претставки според наводи во претставките

| **Наводи во претставките** | **Број на претставки** |
|---|---|
| 1 хигиенски мерки , ДХП, ДПП, HACCP /контролни системи/ | 30 |
| 2 Безбедност на вода и безалхохолни пијалоци | 12 |
| 3 Контаминенти и резидуи | 19 |
| 4 Без одобрение/ регистрација | 2 |
| 5 Квалитет и измама и заблуда | 18 |
| 6 Дистрибуција на храна | 10 |
| 7 Сомнеж за труење со храна | 12 |
| 8 Органолептички изменети производи | 25 |
| 9 Несоодветно означување | 18 |
| 10 Производи со поминат рок на употреба | 30 |
| 11 Додатоци во исхраната, диететски производи | 3 |
| 12 Здравствена заштита на животните и благосостојба | 95 |
| 13 Здравст. состојба на лица кои работат со храна | 3 |
| 14 Потекло и безбедност на месо, преработки и риба | 29 |
| 15 Леб, бели печива | 31 |
| 16 Производи и материјали во контакт со храната | 2 |
| Препратени на постапување | 23 |
| **Вкупно** | 362 |

## 1.2 Графикон на претставки според наводи




## 1.3 Табела за постапувања и исходи по претставките и предлозите

| | |
|---|---|
| **Број на примени претставки /жалби и предлози од потрошувачите** | **362** |
| **Записници** | **240** |
| **Решенија** | **64** |
| **Постапки за едукација** | **55** |
| **Постапки за порамнување** | **17** |
| **Прекрошочни пријави** | **3** |
| **Уништена храна** | **2864 кг** |

Најмногу од претставките што ги поднеле граѓаните во периодот од 01.01. 2014 до 31.12.2014 година, кои се во областа на безбедноста на храната се однесуваат на:

- ✓ не применување на хигиенски мерки, контролните системи за ДХП, ДПП и НАССР системот од страна на бизнис операторите со храна,
- ✓ производи со поминат рок на употреба,
- ✓ потекло и безбедност на месо, риба, преработки, јајца,
- ✓ органолептички изменети производи,
- ✓ контаминенти и резидуи,
- ✓ квалитет, измама и заблуда

- ✓ посебно се поднесени за разлика од претходните година, забележителна бројка на претставки кои се однесуваат на леб и бели печива, посебно нивната дистрибуција и означување, и како такви се издвоени во посебна група,

Во областа на здравствена заштита и благосостојба на животните се смета дека е поднесен еден голем дел од вкупниот број на претставки.

Во врска со ваквата анализа се препорачува да се планираат и превземат посебно активности кои се однесуваат на:

- ✓ проверка на воспоставените контролни системи кај бизнисите со храна /аудит/ и други активности кои ќе помогнат во имплементирањето и одржувањето на контролните системи од страна на бизнис операторите
- ✓ при контролите да се вклучат активности за контрола на контаминенти и резидуи, проверка на органолептичките својства на храната, контроли на означувањето во насока на рок на употреба, дистрибуција на храна, потекло и безбедност на месо, риба, преработки, јајца

Се очекува дека сите сектори во АХВ при планирањето на активностите ќе ги земат во предвид ризиците и опасностите на кои укажуваат граѓаните /перцепцијата на граѓаните за ризиците и опасностите од храната/.

## ЕВАЛУАЦИЈА
**на поднесени претставки/ предлози по години**

**2.1 Табела на споредбен приказ на бројот на поднесени претставки и предлози по години**

| Година | Број на претставки |
|---|---|
| 2007 | 188 |
| 2008 | 91 |
| 2009 | 90 |
| 2010 | 221 |
| 2011 | 138 |
| 2012 | 195 |
| 2013 | 281 |
| 2014 | 362 |

## 2.2 Графикон на споредбен приказ на поднесени претставки по години




Споредбениот приказ покажува дека трендот на поднесување на претставки и предлози од граѓаните, од 2009-та година има нагорна линија, со тоа што во 2014-та година е најголем бројот на поднесоците.

Со направената анализа се заклучува, дека ваквиот тренд на покачувањето во 2010-та година, се должи на унапредувањето и развивањето на потрошувачката политика и соработката со граѓанските организации и граѓаните, во областа на безбедноста на храната. Се реализираа повеќе активности со кои се зголеми информираноста и едуцираноста на граѓаните за начинот на поднесувањето на претставки и предлози до надлежните, како и правата и обврските на граѓаните за учество во системот за безбедност на храната во Република Македонија.

Зголемениот број во 2012 и 2013 година се смета дека е резултат на подигање на свесноста на граѓаните за значењето на безбедноста на храната. Додека зголемениот број на претставки во 2014 година се смета дека е резултата на пуштање во употреба на бесплатната телефонска линија за граѓаните и зајакнување на комуникацијата со медиумите и јавноста.

**Раководител**
**Одделение за заштита на**
**потрошувачи**

д-р Ката Стојановска
Епидемиолог